**20240611427**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Врз основа на член 15 став (8) од Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/24), министерот за култура донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕКТОРСКАТА ЛИЦЕНЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на лекторската лиценца.

Член 2

(1) Лекторска лиценца се издава на образец што се печати на тврда хартија во бела боја со А4-формат и содржи: грб на Република Северна Македонија, натпис: „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА“; законски основ за издавањето на лиценцата, наслов: „ЛЕКТОРСКА ЛИЦЕНЦА“, број на лиценцата; име, име на еден родител и презиме на носителот на лиценцата; година и место на раѓање; податоци за стручната подготовка на носителот на лиценцата; датум на дипломирањето и назив на универзитетот на кој дипломирал; ден, месец и година кога носителот на лиценцата го положил испитот за добивање лекторска лиценца и се стекнал со право за лекторирање; број, датум и место на издавањето на лиценцата; име, презиме и место за потпис на министерот за култура и место за печат.

(2) Образецот на лекторската лиценца е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на лекторската лиценца („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 163/22).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 53-3440/3
12 март 2024 година
Скопје

Министер за култура,
**Бисера Костадиновска-Стојчевска,** с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Врз основа на член 15 став (8) од Законот за употребата на македонскиот јазик, министерот за култура издава

ЛЕКТОРСКА ЛИЦЕНЦА

број ________

на

_______________________________________
(Име, име на еден родител и презиме на носителот на лиценцата)

роден/а на _______________________ година во ________________________________ општина _________________, Република Северна Македонија, со стручна подготовка ________________________________________ и диплома издадена на ден ___________________ година од ______________________________________________________.

На ден ____________________ година, носителот на лиценцата го положи испитот за добивање лекторска лиценца и се стекна со право за вршење на лекторирање.

Бр.___________________
_____._____._______година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА КУЛТУРА,

(име и презиме)

___________________________
(своерачен потпис)

М.П.